**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 03-118/1

Скопје 01.03.2019г.

Предмет: Трет седмичен извештај на Агенцијата

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува третиот седмичен извештај за периодот од 22 до 28 февруари 2019 година.

Во рамки на овој извештај, ви го доставуваме обновениот Преглед на ценовници за платено политичко рекламирање за Претседателските избори со додадени два нови радиодифузери кои своите ценовници ги доставија по утврдениот временски рок. Се работи за една телевизија која емитува програма на национално ниво и едно радио кое емитува програма на регионално ниво.

По ваше барање, Агенцијата на 22 февруари ги информираше сите телевизии кои емитуваат програма на национално ниво за Јавниот повик за проверка на податоци од Избирачкиот список, со препорака да ја објават информација на својата програма, доколку се во можност.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
По овластување од директор,

Горан Радуновиќ

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED